# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 6/26 08.05.2026 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за формирање на Комисија за процена на штети од пролетниот мраз на територијата на општина Неготино**

Се објавува **Решение за формирање на Комисија за процена на штети од пролетниот мраз на територијата на општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **07.05.2026** година.

**Бр.09- 930/1**
**08.05.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа ( „ Службен весник на РМ “ бр. 5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр. 202/24) , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино ( „ Службен гласник на Општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ) , член 143 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита и спасување („ Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на РСМ “ бр. 215/21 и 124/25), а во врска Одлуката за формирање на Комисија за процена на штети од елементарна непогода-мраз бр. 09-945/1 од 07.05.2026 година и Решението за именување Комисија за процена на штети од елементарна непогода – мраз бр.09-945/3 од 07.05.2026 година донесени од градоначалникот на општина Неготино , Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **07.05.2026** година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**за формирање на Комисија за процена на штети од пролетниот мраз на територијата на општина Неготино**

**Член 1**

Се формира **Комисија за процена на штети од пролетниот мраз на територијата на општина Неготино** во следниот состав :

1. **Митко Толовски** – општинска администрација (претседател )
2. **Аница Карафилоска** – општинска администрација (член )
3. **Маја Наќова Јаневска** - општинска администрација (член )
4. **Љупчо Трајков** -општинска администрација (член )
5. **Јордан Коцев** - општинска администрација (член )
6. **Јасминка Дуровиќ** - општинска администрација (член )
7. **Цветанка Емшова -** општинска администрација (член )
8. **Александар Стојанов – вработен во АПРЗ (член )**
9. **Ѓорѓи Ајтов - вработен во АПРЗ ( член )**
10. **Сашко Глигоров - вработен во водостопанство на РСМ (член )**

**Член 2**

Комисијата од член 1 на оваа Одлука е должна да изврши:

- **Прием и обработка на пријави за настанатите штети од физички и правни лица;**
- **Спроведување теренска постапка за утврдување на фактичката состојба на пријавените површини;**
- **Пополнување на записници со користење на стандардизирани обрасци за процена на штети како и утврдување на видот, обемот и висината на штетите;**
- **Водење на евиденција за сите пријави и утврдени фактички состојби;**
- **Изготвување поединечни и збирни извештаи со предлог мерки како и изготвување на Елаборат за процена на штета;**
- **Соработување со надлежни институции;**

**Член 3**

Елаборатот за процена на штети комисијата од член 1 од ова Решение е должна да го достави на усвојување до Советот на општина Неготино, а по усвојувањето да го достави до Државната комисија за процена на штета од елементарни непогоди.

**Член 4**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**бр.08- 926/ 4**
**07.05.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Заклучок за преземање мерки за обештетување на погодените земјоделци од пролетниот мраз на територијата на општина Неготино**

Се објавува **Заклучок за преземање мерки за обештетување на погодените земјоделци од пролетниот мраз на територијата на општина Неготино ,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **07.05.2026** година.

**Бр.09- 930/2**
**08.05.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа ( „ Службен весник на РМ “ бр. 5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр. 202/24) , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино ( „ Службен гласник на Општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ) , , Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **07.05.2026** година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за преземање мерки за обештетување на погодените земјоделци од пролетниот мраз на територијата на општина Неготино**

**Член 1**

Во врска со настанатите штети од пролетниот мраз кои ја зафатија територијата на општина Неготино на ден **02.05.2026** година, Советот на општина Неготино ги донесе следните заклучоци:

1. **Неопходна е брза реакција на Комисијата за процена на штета да изврши увид и брза и навремена подготовка на Елаборатот за процена на штета ;**
2. **По подготовка на Елаборатот за процена на штета истиот да се проследи до Државната комисија за процена на штета од елементарни непогоди;**
3. **Со цел брзо и навремено обештетување на погодените земјоделци од пролетниот мраз се апелира до Владата на РСМ и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ итно постапување при донесување на Одлуката за обештетување;**
4. **Да се изврши едукација на земјоделците од страна на стручни лица за постапките кои е потребно да следуваат по измрзнувањето на земјоделските култури;**

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**бр.08- 926/ 5**
**07.05.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 6 / 26**

**СОДРЖИНА**

1. **Заклучок за усвојување на Решение за формирање на Комисија за процена на штети од пролетниот мраз на територијата на општина Неготино**
2. **Решение за формирање на Комисија за процена на штети од пролетниот мраз на територијата на општина Неготино**

3. **Заклучок за усвојување на Заклучок за преземање мерки за обештетување на погодените земјоделци од пролетниот мраз на територијата на општина Неготино**
4. **Заклучок за преземање мерки за обештетување на погодените земјоделци од пролетниот мраз на територијата на општина Неготино**